- → Барателот на приклучок има обврска да ја реконструира мерната ќелија со поставување на три струјни-мерни трансформатори (СМТС) и три напонски-мерни трансформатори (НМТС).
- → Мерната ќелија треба да биде со димензиии кои ќе овозможат поставување на: 3 (три) струјни мерни трансформатори со максимални димензии согласно стандардот DIN 42600 дел 5, 3 (три) напонски мерни трансформатори со максимални димензии согласно стандардот DIN 42600 дел 3, 3 (три) основи за осигурувачи и осигурувачи кои служат за заштита на напонските мерни трансформатори, Појавата на влага да се превенира со инсталација на грејач со термостат во келијата или со соодветна вентилација на трансформаторската станица. Поставувањето на мерните трансформатори треба да биде со челен распоред (во два реда, еден до друг по широчина на ќелијата) со што минималната широчина на ќелијата ќе биде 840 mm. Мерните трансформатори ги обезбедува ЕВН и остануваат сопственост на ЕВН. Основите за осигурувачи и осигурувачите за заштита на мерните напонски ТР ги обезбедува потрошувачот и истите треба да се во склад со техничката спецификација на ЕВН за ваков вид на осигурачи. Мерните трансформатори ќе служат исклучиво за мерење на електрична енергија заради фактурирање (пресметковно мерење), односно само за потребите на ЕВН. Поставеноста на струјните мерни трансформатори да биде таква да енергетските врски од доводната келија се поврзуваат на Р1 клемата од струјниот мерен трансформатор така што насоката на превземена ЕЕ да биде Р1 - Р2, а на произведената ЕЕ Р2 - Р1, каде Р1 и Р2 се ознаките на примарните врски на СМТР.
- → Комплетната вградена опрема да биде за 20 kV и согласно ЕВН стандардите и важечките стандарди и прописи за ваков тип на електро-енергетски објекти.
- → НЕ Е ДОЗВОЛЕНО ОСТРОВСКО НАПОЈУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ОД ЦЕНТРАЛАТА (освен за НАПОЈУВАЊЕ НА СОПСТВЕНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЦЕНТРАЛАТА).

- → РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА:
- → Во инверторскиот систем и електричната инсталација на кој се приклучува потребно е да се инкорпорирани следниве заштити:
- → наднапонска заштита;
- → поднапонска заштита;
- → надфреквентна заштита;
- → подфреквентна заштита;
- → надструјна заштита;
- → краткоспојна заштита;
- → земјоспојна заштита и заштита од напон на допир во случај на доземен спој;

- → УСЛОВИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ:
- → Вклучувањето на централата на дистрибутивна мрежа е

дозволено кога се исполнети следниве услови за синхронизација:

- 1. разликата на напонот ΔU, порастот на напонот, да не биде поголем од + 5% од Un, и падот на напон, да не биде поголем од -10% од Un;
- 2. разликата на фреквенцијата $\Delta f < \pm 0.1$ Hz;
- 3. разликата на фазниот агол $\Delta\phi < \pm 10$ степени;
- Пред приклучување на централата на дистрибутивна мрежа да се обезбеди АТЕСТ од производувачот за коефициент на фликери Cf1 (поединечно за секој генератор) и Cfsce (за целата централа).
- По приклучување на централата на дистрибутивна мрежа по пат на мерење во реални погонски услови да се потврди:
- Коефициент на фликери Cf1 (поединечно за секој генератор и Cfsce (за целата централа) како АТЕСТ дека централата го задоволува критериумот на долготрајните фликери Af s ≤ 0,1;

- Со вградување на филтри за соодветниот ред на вишите хармоници да се обезбеди условот за вредностите на струите на вишите хармоници да не ги надминат максималните дозволени вредности одредени со Техничките прописи и препораки;

- УСЛОВИ ЗА ПАРАЛЕЛНА РАБОТА:
- Услови за паралелна работа на централата во приклучната точка во електродистрибутивната мрежа се:
- Факторот THD (Тотална хармонична дисторзија на напон), да биде помал или еднаков на 3%, за секој хармоник;
- Факторот за небалансираност на напонот, да биде помеѓу 0 и 2%;
- Напоните во сите јазли на разгледуваната дистрибитивна мрежа, треба да бидат во границите:
- 1. на нисконапонските собирници во трансформаторските станици среден/низок напон, помеѓу 0,4 и 0,44 kV;
- Релативната промена на напонот во однос на номиналниот напон во точката на приклучување во преоден режим на работа (исклучување/вклучување) треба да биде:
- 2% доколку точката на приклучување е во нисконапонска мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се почести (една на 10 минути);
- 3% доколку точката на приклучување е во нисконапонска мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се поретки;

Раководител на Оддел
Оливер Мирчевски

Табела 1: Одобрена врвна моќност по мерно место

Ред. бр.	Број на влез	Број на стан / локал / просторија	Тип на мерење	Број на фази	Одобрена врвна моќност по броило (kW)	Категорија на приклучок
1	1	1	индиректно	3 (три)	Pmax= 997,5 kW (како производител	MV2

Раководител на Оддел
Оливер Мирчевски

1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.1. Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Подрачјето ЗА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен вод со намена Е1.8-Новопланиран СН 12/20kV подземен кабелски вод во дел од катастарските парцели КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО Новаци вон градежен реон, мв.Слатина, Општина Новаци, е надвор од опфат на планска документација и за истото претходно не се издавани услови за планирање на просторот.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8-Новопланиран СН 12/20kV подземен кабелски вод во дел од катастарските парцели КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО Новаци вон градежен реон, мв.Слатина, Општина Новаци ќе се изработи врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторен план на РСМ како и останата законска и подзаконска регулатива која се однесува на конкретната намена.

На земјиштето опфатено со проектниот опфат на урбанистичкиот проект се формира градежна парцела со намена Е1.8-Новопланиран СН 12/20kV подземен кабелски вод. Спроведувањето на конкретниот урбанистички проект ќе биде согласно актуелниот закон за градење и другата позитивната законска регулатива од областа на градежништвото. Во површината на планираниот проектен опфат влегуваат катастарските парцели КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО Новаци вон градежен реон, мв.Слатина, Општина Новаци, и истиот зафаќа површина од 0.0573ха односно 573.9м^2 или со вкупна должина од 573,9м1.

Во површината на планираниот проектен опфат зафаќа површина од 0.0573ха односно 573.9м^2 или со вкупна должина од 573,9м1 на подземниот кабелски вод. Во рамки на проектниот опфат на предметната локација се планира развој на наменски зони со групи на класа на намена Е1.8-Новопланиран СН 12/20kV подземен кабелски вод.

Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по Х и У координати:

Периметарот на границата на проектниот опфат изнесува 1149.63м1 или 1.14км.

1.2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина (во радиус од 100м), доколку таков постои

Предметната локација досега не била опфатена со никаков урбанистички план, општ акт или урбанистичко-планска документација, а од Општина Новаци е добиена информација дека проектниот опфат не е во опфат на урбанистички планови или одобрени урбанистички проекти. Заради тоа и согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), како и согласно член 62, став 3, точка 2 од ПУП, урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот. Добиените Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план по Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) за уредување на земјиште со намена Е1.8-Новопланиран СН 12/20kV подземен кабелски вод на дел од катастарските парцели КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО Новаци вон градежен реон, мв.Слатина, Општина Новаци, се изработени од Агенцијата за просторно планирање со тех.бр.Y00425 од февруари 2025 година (издадено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.УП 15-714/2 од 14.02.2025 година).

Условите за планирање на просторот, кои ги содржат планските одредби што се однесуваат на проектниот опфат, презентирани на графички, текстуален и нумерички начин, претставуваат дел од графичкиот дел на Документационата основа, а согласно член 62 став 4 точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Објективно, економскиот развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти, но со јасно определена општествена и економска

корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

1.3. Податоци за природните чинители

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат географската и геопрометната положба на подрачјето како и релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и др.карактеристики.

Предметната локација за која се наменети Условите за планирање на просторот во КО Новаци вон г.р. Општина Новаци се наоѓа северно од населеното место Новаци на надморска височина од 580 метри.

Во Пелагонија владее модифициран тип на умерено континентална клима со чисто изразени годишни времиња, а на планините се чувствува планинската клима која во зависност од надморската височина е различно изразена. Зимата е влажна и студена, а летото топло и суво. Есента е значително потопла од пролетта. Преминот од зима кон лето е побрз отколку обратно, пролетта е кратка и променлива.

Режимот на осончувањето е поволен и овој крај има доста ведри и сончеви денови како и доволен број на часови со сонце. Просечната годишна сума на сончевиот сјај во Пелагонија изнесува 2332 часа.

Просечната годишна температура изнесува 11.5.....Средно годишна максимална температура е 17,4С, а средно годишна минимална 5,3С.

Врнежите се одраз на влијанието на медитеранската клима во ова подрачје. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Максимумот е во ноември 72мм и во декември 68мм воден талог, а минимумот е во јули 32мм и август 34мм. Просечно годишно на ова подрачје паѓаат 610мм врнежи. Врнежите се најчесто од дожд, просечно 70-80%, а снегот е ограничен во зимските месеци. Просечно годишно има 30 денови со снежен покривач чија максимална дебелина е забележана од 63цм. Мразниот период е долготраен, во просек започнува во октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Првиот есенски ден со мраз е 25 октомври, а последниот пролетен ден со мраз е 8 април.

Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 75%.

Ветровите се во главно од северен и јужен правец, а поретко од останатите правци. Северниот ветер е со најголема честина и ја снижува температурата на воздухот. Неговата честина просечно годишно изнесува 183% со средна брзина од 2,2м/s. Дува во текот на цела година особено во јули, март и февруари. Јужниот ветер се јавува со просечна честина од 131% и со средна годишна брзина од 3,6м/s. Пелагонија се одликува и со појави на локални струења кои во летните месеци делуваат освежително.

Според сеизмичката карта на РСМ и соодветната секторска студија, поширокото подрачје на Битола во кое спаѓа и предметната локација, се наоѓаат во зона на 8ми степен сеизмичност. Значи просторот претставува геолошки предиспониран терен за сеизмичка активност.

Податоците се од мерната станица Битола.

1.4. Податоци за создадените вредности и чинители

Според податоците од Пописот на населението, домажинствата и становите спроведен 2021 год..вкупниот број на жители во Општина Новаци на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 2648 жители.

1.5. Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамките на проектниот опфат

За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека опфатот не зафаќа земјоделско земјиште. Во рамки на проектниот опфат не е евидентиран изграден градежен фонд, а пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки пристапен пат.

1.6. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго

Според генералните насоки на Управата за заштита на културното наследство Скопје, доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

1.7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и објекти

Според податоците добиени од комуналните претпријатија, направена е целосна инвентаризација на постојната комунална инфраструктура во рамките и непосредна близина на проектниот опфат.

Според добиените податоци од ЕВН Македонија, во непосредна близина на проектниот опфат во однос на електричната инсталација и нејзината моќност има постојна инсталација и тоа:

- 10(20)kV Надземна мрежа во сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за која треба да се предвиди заштитен појас од 20м.

- 10(20)kV Подземна мрежа во сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за која треба да се предвиди заштитен појас од 2м.

Според добиените податоци од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во непосредна близина на проектниот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Според добиените податоци од АД МЕПСО, во непосредна близина на проектниот опфат нема инсталации и не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Според добиените податоци од Македонски Телеком АД, во непосредна близина на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Според добиените податоци од ЈП СТРЕЖЕВО – Битола, во непосредна близина на проектниот опфат нема подземни инсталации.

Според добиените податоци од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје – Подружница РЕК „Битола“, во непосредна близина на проектниот опфат не се евидентирани постоечки инсталации – инфраструктурни објекти во сопственост на АДЕСМ – Скопје.

Според добиеното известување од Агенцијата за катастар на недвижности, предметот во наредна фаза ќе ги извади сите потребни потврди со што би се добила согласност за преклопување на планот.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМЕН ВОД СО НАМЕНА Е1.8 - НОВОПЛАНИРАН СН 12/20Kv ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД ВО ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО НОВАЦИ ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН, мв.Слатина, ОПШТИНА НОВАЦИ

Опфатот на предложениот Урбанистички проект има површина од 573.9m2 или 0.0573ха.

Крајна точка на подземен вод NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2 СН од ТС 110/35/10kV до кабелска спојница на КП 488 КО Новаци Вон градежен реон

ОДОБРЕН УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на К.П.бр.468, К.П.бр.469 и дел од К.П.бр.488 К.О.Новаци-вонград, м.в.„Слатина“ - Општина Новаци

Почетна точка на подземен вод NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2 СН од ТС 110/35/10kV од кабелска спојница на постбечка бандера на КП 1999/3 КО Новаци Вон градежен реон

468 469 489 488 505 506 509 486 512 511 510 508 507 526 513 525 523 522 521 690 689/1 689/3 689/2 688/2 2000

Легенда:

- Граница на проектен опфат (0.0573ха)
- Граница на одобрен проектен опфат
- Катастарски граници на парцели
- Граница на опфат
- Бет. бандера за пренос на ел.енергија
- 681.5522 Број на детална точка и кота



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ период (1949 - 1975)

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

НАРАЧАТЕЛ:	ДУТП СОЛАР ЕНЕРЏИ ТИМ увоз-извоз ДОО Битола			
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:	**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМЕН ВОД СО НАМЕНА Е1.8 - НОВОПЛАНИРАН СН 12/20Kv ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД ВО ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ КП 488, КП 506, КП 507, КП526 и КП 1999/3, КО НОВАЦИ ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН, мв.Слатина, ОПШТИНА НОВАЦИ**		Технички број: 051-05/2025	
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	Размер: М=1:1000	Дата: 04/2025 год.	Лист бр. 1
ИЗРАБОТУВАЧ:	Друштво за услуги, градежништво и трговија увоз - извоз "МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Битола email: mateski.architects@gmail.com mob: +38970850389	0	М-р ЈОВАН МАТЕСКИ дипл.инж.арх. Овластен планер 0232	
ПЛАНЕР:	М-р Јован Матески дипл.инж.арх. Овластување 0.0232			

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМЕН ВОД СО НАМЕНА Е1.8 - НОВОПЛАНИРАН СН 12/20Kv ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД ВО ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО НОВАЦИ ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН, мв.Слатина, ОПШТИНА НОВАЦИ

Опфатот на предложениот Урбанистички проект има површина од 573.9m2 или 0.0573ха.

Крајна точка на подземен вод
NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2 СН од ТС 110/35/10kV
до кабелска спојница на
КП 488 КО Новаци Вон градежен реон

ОДОБРЕН УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на К.П.бр.468, К.П.бр.469 и дел од К.П.бр.488 К.О.Новаци-вонград, м.в.„Слатина“ - Општина Новаци

Почетна точка на подземен вод
NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2 СН од ТС 110/35/10kV
од кабелска спојница на постоечка бандера на
КП 1999/3 КО Новаци Вон градежен реон

468 469 489 488 505 506 509 486 512 511 510 508 507 526 513 525 523 522 521 690 689/1 689/3 689/2 688/2 2000

ЛЕГЕНДА

- Граница на проектен опфат (0.0573ха)
- Граница на одобрен проектен опфат
- Катастарски граници на парцели
- Граница на ажуриран опфат
- Бет.бандера за пренос на ел.енергија
- 681.5522 Број на детална точка и кота

ЛЕГЕНДА - ПОСТОЈНИ ИНСТАЛАЦИИ

- ПОСТОЈНА 10(20)kW надземна линија - ЕВН
- ПОСТОЈНА 10(20)kW подземна линија - ЕВН
- ПОСТОЈНА примарна и секундарна водоводна инфраструктура (PVC KM225 и PVC KM90)
- Заштитен коридор (20м заштитен појас на 10(20)kW надземна линија - ЕВН) (10+10=20)
- Заштитен коридор (2м заштитен појас на 10(20)kW подземна линија - ЕВН) (1+1=2)
- Некатегоризиран пат



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ период (1949 - 1975)

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

НАРАЧАТЕЛ:	ДУТП СОЛАР ЕНЕРЏИ ТИМ увоз-извоз ДОО Битола
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:	**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМЕН ВОД СО НАМЕНА Е1.8 - НОВОПЛАНИРАН СН 12/20Kv ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД ВО ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ КП 488, КП 506, КП 507, КП526 и КП 1999/3, КО НОВАЦИ ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН, мв.Слатина, ОПШТИНА НОВАЦИ** — Технички број: 051-05/2025
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ:	Документациона основа - Инвентаризација на земјиштето и зеленилото, изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура и изградената комунална инфраструктура — Размер: М=1:1000 — Дата: 04/2025 год. — Лист бр. 2
ИЗРАБОТУВАЧ:	Друштво за услуги, градежништво и трговија увоз - извоз **"МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ"** ДООЕЛ Битола email: mateski.architects@gmail.com mob: +38970850389 — 0 — М-р ЈОВАН МАТЕСКИ дипл.инж.арх.
ПЛАНЕР:	М-р Јован Матески дипл.инж.арх. Овластување 0.0232 — Овластен планер 0232

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ изградба на подземен вод со намена Е1.8-Новопланиран СН 12/20kV подземен кабелски вод во дел од катастарските парцели КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО Новаци вон градежен реон, мв.Слатина, Општина Новаци

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit
Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 15-714/2
14.02.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-714/2
Дата/Data: 14-02-2025

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Новаци се издаваат Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в Слатина КО Новаци вон град, Општина Новаци.

Должината на планираната траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,5 км.

Предвидената траса граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаични електроцентрала со моќност до 1 MW, (површински соларни и фотоволтаични електрани) на КП 468, КП 469 и дел од КП 488, КО Новаци вон град, Општина Новаци, со тех. бр. Y15021.

Во непосредна близина на предвидената траса се наоѓа опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа од 50 KW на КП 524 и дел од кп 526 на м.в. Слатина, КО Новаци Општина Новаци, со тех. бр. Y27512.

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

A K T V E N D I M
për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

Me këtë Aktvendim komunës së Novacit, i lëshohen Kushtet për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturën për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës së re të planifikuar kabllore nëntokësore NS 20/35 kV, në lokalitetin Sllatinë, KK Novacitë jashtë qytetit, Komuna e Novacit.

Gjatësia e trasës së planifikuar për të cilën lëshohen kushtet për planifikimin e hapësirës është 0,5 km.

Trasa e parashikuar kufizohet me një zonë për të cilën janë lëshuar Kushtet për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e një centrale fotovoltaike me kapacitet deri në 1 MW (centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore) në PK 468, PK 469 dhe një pjesë të PK 488, KK Novacit jashtë qytetit, Komuna e Novacit, me nr. teknik Y15021.

Në afërsi të menjëhershme të trasës së parashikuar ndodhet një zonë për të cilën janë lëshuar Kushtet për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e një centrale fotovoltaike me kapacitet 50 KW në PK 524 dhe një pjesë të PK 526 në lokalitetin Slatina, KK Novacit, Komuna e Novacit, me nr. teknik U27512.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y00425 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в Слатина КО Новаци вон град, Општина Новаци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin e hapësirës, vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, konform Planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U00425 janë një pjesë përbërse e Aktvendimit.

3. Kushtet për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturën për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës së re të planifikuar kabllore nëntokësore NS 20/35 kV, në lokalitetin Sllatinë, KK Novacitë jashtë qytetit, Komuna e Novacit, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime, zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Një nga prioritetet kryesore të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, veçanërisht kufizimi strikt i transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jo-bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24).

5. Miratuesi ose hartuesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje që kufizohen me objektin planor, e që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, dhe 171/24).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в Слатина КО Новаци вон град, Општина Новаци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

6. Gjatë marjes së vendimit për zbatimin ose vendimit për mos zbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për sipërfaqen në fjalë me destinim infrastrukturën për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës së re të planifikuar kabllore nëntokësore NS 20/35 kV, në lokalitetin Sllatinë, KK Novacitë jashtë qytetit, Komuna e Novacit, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e hartimit të Raportit për Vlerësim Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzat të fushave përkatëse të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Новаци, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 67729 од 31.12.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична

ARSYETIM

Komuna e Novacit, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me numër të procedurës UPP 67729 od 31.12.2024, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e kushteve për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturën për transmetimin e energjisë

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в Слатина КО Новаци вон град, Општина Новаци.

elektrike për ndërtimin e linjës së re të planifikuar kabllore nëntokësore NS 20/35 kV, në lokalitetin Sllatinë, KK Novacitë jashtë qytetit, Komuna e Novacit.

Должината на планираната траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,5 км.

Gjatësia e trasës së planifikuar për të cilën lëshohen kushtet për planifikimin e hapësirës është 0,5 km.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в Слатина КО Новаци вон град, Општина Новаци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 714/1 од 12.02.2025 година.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim infrastrukturën për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës së re të planifikuar kabllore nëntokësore NS 20/35 kV, në lokalitetin Sllatinë, KK Novacitë jashtë qytetit, Komuna e Novacit dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15 714/1 nga 12.02.2025.

Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в Слатина КО Новаци вон град, Општина Новаци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Kushtet për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturën për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës së re të planifikuar kabllore nëntokësore NS 20/35 kV, në lokalitetin Sllatinë, KK Novacitë jashtë qytetit, Komuna e Novacit, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Vërejtjet përfundimtare, të përcaktuara në Kushtet për planifikimin e hapësirës që rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përbëjnë aktivitete detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

Në bazë të asaj që u përmend më lartë, u vendos si në dispozitiv të këtij Aktvendimi.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови з планирање на просторот може да се повед управен спор пред надлежен суд во рок од 1 дена од приемот на решението.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје Shkup MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил/Përpiloi: Raif Sulejmani, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дејан Гаџовски, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror

Согласен / Me pëlqim të:
Husamet Agushovski, посебен советник на кабинет на министер / këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Nedim Rama, посебен советник на кабинет на министер / këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в. Слатина КО Новаци вон г.р.

ОПШТИНА НОВАЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y00425

Скопје, февруари 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в. Слатина КО Новаци вон г.р.

ОПШТИНА НОВАЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Новаци

Тех. бр. Y00425

Раководител на задачата:
Валентина Христова Стефановска, д.н.

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.
Раководител на одделение за спроведување на просторни планови

Агенција за планирање на просторот
Директор

_____

Александар Гелевски, д.и.а.

Скопје, февруари 2025

со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в. Слатина КО Новаци вон г.р.

ОПШТИНА НОВАЦИ

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на Општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**,

предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, Условите за планирање на просторот се наменети за инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в. Слатина, КО Новаци вон г.р., Општина Новаци. Должината на планираната траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,5 km.

Предвидената траса граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електроцентрала со моќност до 1 MW, (површински соларни и фотоволтаични електрани) на КП 468, КП 469 и дел од КП 488, КО Новаци вон гр., Општина Новаци, со тех.бр. Y15021.

Во непосредна близина на предвидената траса се наоѓа опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа од 50kW на КП 524 и дел од КП 526 на м.в. Слатина, КО Новаци, Општина Новаци, со тех.бр. Y27512.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



- Општинска граница
- Катастарска граница
- Фотоволтаична електроцентрала-Y15021
- Фотоволтаична централа -Y27512



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат географската и геопрометната положба на подрачјето како и релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските сеизмичките, климатските и др. карактеристики.

Предметната локација за која се наменети Условите за планирање на просторот во КО Новаци вон г.р., Општина Новаци се наоѓа северно од населеното место Новаци на надморска височина од 580 метри.

Во Пелагонија владее модифициран тип на **умерено континентална клима** со чисто изразени годишни времиња, а на планините се чувствува планинската клима која во зависност од надморската височина е различно изразена. Зимата е влажна и студена, а летото топло и суво. Есента е значително потопла од пролетта. Преминот од зима кон лето е побрз отколку обратно, пролетта е кратка и променлива.

Режимот на осончувањето е поволен и овој крај има доста ведри и сончеви денови како и доволен број на часови со сонце. Просечната годишна сума на сончевиот сјај во Пелагонија изнесува 2332 часа.

Просечната годишна температура изнесува 11,5°C. Средно годишна максимална температура е 17,4°C, а средно годишна минимална 5,3°C.

Врнежите се одраз на влијанието на медитеранската клима во ова подрачје. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Максимумот е во ноември 73mm и во декември 68mm воден талог, а минимумот е во јули 32mm и август 34mm. Просечно годишно на ова подрачје паѓаат 610mm врнежи. Врнежите се најчесто од дожд, просечно 70–80%, а снегот е ограничен во зимските месеци. Просечно годишно има 30 денови со снежен покривач чија максимална дебелина е забележана од 63cm. Мразниот период е долготраен, во просек започнува во октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Првиот есенски ден со мраз е 25 октомври, а последниот пролетен ден со мраз е 8 април.

Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 75%.

Ветровите се воглавно од северен и јужен правец, а поретко од останатите правци. Северниот ветер е со најголема честина и ја снижува температурата на воздухот. Неговата честина просечно годишно изнесува 183‰ со средна брзина од 2,2m/s. Дува во текот на цела година особено во јули, март и февруари. Јужниот ветер се јавува со просечна честина од 131‰ и со средна годишна брзина од 3,6m/sk. Најчесто дува во март, април и ноември и ја зголемува температурата на воздухот. Западниот ветер е со мала честина од 56‰ и со средна годишна брзина од 3,6m/s. Пелагонија се одликува и со појави на локални струења кои во летните месеци делуваат освежително.

Според сеизмичката карта на РС Македонија и соодветната секторска студија, поширокото подрачје на Битола во кое спаѓа и предметната локација, се наоѓаат во зона на 8-ми степен сеизмичност. Значи просторот претставува геолошки предиспониран терен за сеизмичка активност.

Податоците се од мерната станица Битола.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Битола со гравитационо влијание врз планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

Половите на развој ги формираат оските на развојот детерминирани од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, а во современите текови позначајни се деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината на чиј простор припаѓа планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање се "Јужната развојна оска" и "Западната развојна оска" која досега воопшто не е споменувана, поаѓа од Дебар преку Кичево и Демир Хисар и стигнува до Битола, а во продолжение до Лерин и натаму. На запад продолжува кон Пешкопеа-Р Албанија. Во перспектива, развојот ќе го потврди и унапредува значењето на оваа оска.

Во нашата држава постои и оската која би можела да се нарече "Јужна", макар што како таква досега е ретко споменувана. Таа ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан-Р Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со

што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Поставувањето на инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на новопланиран СН 20/35 kV подземен кабелски вод, м.в. Слатина, КО Новаци вон г.р., Општина Новаци, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

УПРАВИТЕЛ: М-Р ЈОВАН МАТЕСКИ ДИА

Д-р ДИМИТАР НАЈДЕНОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА РЕВИДЕНТ 0515

Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

4. ОПИС НА КАБЕЛСКАТА ТРАСА

Почетна точка на предметниот 10 kV кабелски вод претставува постоечки бетонски столб, лоциран на КП бр.1999/3 КО Новаци.

На самиот столб ќе се монтира метална конзола за одводници на пренапон, на која ќе се постават три метал-оксидни одводници на пренапон Tyco Bowthorpe 24 kV, 10 kA. Во случајов одводниците ќе служат и како потпорни изолатори, бидејќи на нив ќе се прицврстат и приклучат 10(20)kV-ните кабелски завршници за надворешна монтажа од трите едножилни кабли.

Покрај одводниците на пренапон на столбот ќе се монтира 20kV раставувач во вертикална изведба.

Каблите вдолж столбот се прицврстуваат со соодветни метални држачи со шелни. До висина од 3 метри над тлото, секој едножилен кабел ќе биде вовлечен во засебна заштитна дебелосидна PVC цевка Ø 75 mm, при што цевките се покриени со заштитна преграда за кабел (лимено корито – штитник).

Од оваа точка, трасата продолжува подземно во стандарден ров со димензии 0.4 x 0.8м,
целосно по земјен полски пат во правец од југ кон север. После 260 метри, трасата свртува кон запад и се движи по земјиште категоризирано како ниви и пасишта, односно земјоделско земјиште низ крајот на парцела КП 526. По должина од околу 120 метри кабелот завртува на КП 507 и поминува низ крајот на парцела КП 506 кон правец север за да по приближно 40м завртува повторно завртува кон правец запад и се протега се до крајот на парцелата КП 488 околу 153м, од каде ќе треба да се приклучи до новата трафостаница која не е предмет на овој проект и се наоѓа на парцелата КП 469, каде е централата.

Локалниот земјен пат по состав е од земјиште од III категорија. До ова место патот има пад со надолнина и нагорнина на растојание од околу 50м. Почетната висинска кота е 881.55м.н.в., за по тие 260м висинската кота да стигни до околу 580м.н.в. По завртувањето на крајот од 120м висинската кота е 579.6м.н.в и на крајот од парцелата КП 488 висинската кота е 578.6 м.н.в. Висинската разлика од почетокот до крајот на кабелот варира со некои 1.5м до 2м. Должината на наведениот дел од трасата е околу 580м.

Врските на едножилните кабли со одводниците на пренапон, кои во случајов играат улога и на потпорни изолатори се остварува преку 10(20) kV кабелски завршници за надворешна монтажа.

Каблите вдолж столбот се прицврстуваат со соодветни метални држачи со шелни. До висина од 3 метри над тлото, секој едножилен кабел ќе биде вовлечен во засебна заштитна дебелосидна PVC цевка Ø 75 mm, при што цевките се покриени со заштитна преграда за кабел (лимено корито – штитник).

Кабелскиот вод ќе се изведе со три едножилни кабли тип NA2XS(F)2Y 1x240 RM/25 12/20 kV. Должината на трасата изнесува околу 580 метри, при што должината на кабелскиот вод, заради резервите и висината на столбот и должината на трасата во КП 469 каде ќе е централата и ТС, ќе изнесува приближно 650 метри максимум 700м.

5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА КАБЕЛСКИОТ ВОД

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Ваквото барање е заради можноста од постоење на подземни инсталации кои не се очекувани при ископот.

При ископ на ровот, доколку дојде до обрушување на земјата, треба да се изврши потпирање на страните на ровот. Отворените делници на кабелскиот ров, при изведбата на објектот, мора прописно да бидат заштитени (оградени и означени) за да се избегне-превенира можноста од опасност на лицата и останат имот кои се наоѓаат во близина на ровот.

Ширината на дното на ровот треба да е 0.4 m и длабочина на ровот од 0.8 m на регулирана површина. Предметниот кабел тип 3 x NA2XS(F)2Y 1 x 240 RM/25 12/20 kV, во ровот се положува на начин даден на графичките прилози.

Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање, а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба.

Кабелот механички се заштитува со поставување на пластични "ГАЛ" штитници на начин кој е даден на графичките прилози.

Во кабелскиот ров се предвидува полагање на FeZn лента 40x4mm по цела должина на трасата. Лентата треба да биде поврзана со заземјувачкиот систем на трафостаниците или заземјувачот на постоечкиот бетонски столб.

Бидејќи трасата на кабелот е пократка од 1000м ќе има можност истата да биде реализирана со непрекинати кабли. Ако случајно е прекинат кабелот од било која причина потребно е да се постават спојници на каблите со што ќе се отстварі продолжување на каблите. Во тој случај местоположбата на спојниците на каблите потребно е да се одбележат со бетонски ознаки со соодветната содржина на ознаката.

6. ВКРСТОСУВАЊЕ И ПАРАЛЕЛНО ВОДЕЊЕ НА КАБЕЛСКАТА ТРАСА СО ДРУГИ ИНСТАЛАЦИИ И СООБРАЌАЈНИЦИ

Не се добиени информации за постоечки инсталации на предметната траса.

7. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА КАБЛИТЕ

Над положените кабли треба да се положи пластифицирана упозорителна трака по целата должина на каблите.

Технички број: 051-28/2024 Дата: 04/2025

На местото каде се врши спојување на каблите се поставува ознака за кабловска спојница 10kV.

На местото каде има свртување на кабелот за 90° се поставува ознака за свртување на кабел согласно графичкиот прилог.

Доколку Инвеститорот смета дека е потребно, може да се вградат и други ознаки за обележување на кабелската траса.



Ознаки на кабловски спојници



Ознаки на Т кабловски спојници



Ознаки за свртување на кабел



Бетонска ознака за обележување на кабловска траса на отворен терен



Бетонска ознака за обележување на кабловска траса во урбанизирано подрачје

Директно полагање на енергетски кабли во земја

Се препорачува директно полагање на енергетски каблови во земја, во кабелски ров чии димензии зависат од номиналниот напон на кабелот, видот на земјиштето како и од бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров.

Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

- 1,10 м за кабли 35 kV
- 0,70 – 0,80м за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.

Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања со примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл.

Кабелот се полага во средина на слој од песок и чакал кој е со дебелина 0,20 м над дното на кабелскиот ров. За збивање на овој слој треба да се користат исклучително рачни набивачи.

Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга или со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши бушење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Ова мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на друга инсталација.

Ископаниот кабелски ров мора да биде видливо обележан, поради сигурност на пешаците и возилата. Влезовите во куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.

Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0,30 м. Слоевите од земја над постелицата од песок и чакал се збиваат со механички набивачи.

При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:

- при полагање на кабел на регулирани површини се поставува една предупредувачка лента на 0,40 м над кабелот (сл.1);
- при полагање на кабелот на нерегулирани површини се поставуваат две предупредувачки ленти од кои првата е на 0,30 м, а втората на 0,50 м над кабелот (сл.1);

- ако во ист ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти и нивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат “покриени” со предупредувачки ленти (сл.2).

Пластичната предупредувачка лента е со црвена боја со втиснат натпис за внимателност. Ширината на траката треба да биде околу 10 см, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години.



1 предупредувачка лента; 2 набиена земја во слоеви; 3 кабел; 4 песок

Слика 1



1 СН кабел; 2 НН кабел; 3 песок; 4 набиена земја во слоеви;
5 предупредувачка лента; 6 цигли;

Слика 2

За премин под пат во урбанизирани населби наместо кабелска канализација може да се користи и директно полагање на кабли во земја, во ров со длабочина 1,40 м се поставува постелка на кабелот која е претходно опишана, над неа се поставуваат армирнобетонски плочи, слој на земја и слој на мршав бетон МБ15 (сл.3).

После полагањето, изработката на кабелските спојници и завршници, напонското испитување на комплетниот кабелски вод и затрупувањето, кабелската траса се доведува

во првобитната состојба т.е. вишокот на земја се одвезува на планирано место, се поправаат и асфалтираат сообраќајниците и т.н.



1 кабел; 2 песочна постелка; 4 армиранобетонска плоча;
3 слој на земја; 5 предупредувачка лента; 6 бетон МБ 15 7 тампон на патот

Слика 3

Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подзмени инсталации

Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабли

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

- 0.50 м за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV
- 1м за кабли 35 kV

Вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабел се врши на растојание од најмалку 0.50 м.

Аголот на вкрстување треба да биде:

- во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°
- вон населени места најмалку 45°

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникацискиот кабел.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата кои се претходно дадени на местото на вкрстување енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка, но и тогаш растојанието несмее да биде помало од 0,50 м.

Растојанијата и аглите на вкрстување кои се претходно дадени не се однесуваат на оптички кабли.

Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли на растојание не помало од 0.20 м.

Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациски цевки.

Хоризонталното растојание на енергетскиот кабел од водоводна или канализацискацевка треба да изнесува најмалку 0,50 м за кабли 35 kV т.е. најмалку 0,40 м за останатите кабли.

При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна или канализациска цевка на растојание од најмалку 0,40 м за кабли 35 kV односно најмалку 0,30 м за останатите кабли.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата претходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се провлече низ заштитна цевка.

На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни или канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод



1 површина на тло; 2 предупредувачка лента; 3 пластична цевка □ 160; 4 кабел; 5 изолација од пенлив бетон;

Слика 4



Слика 5

ДООЕЛ МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ БИТОЛА
УПРАВИТЕЛ: М-Р ЈОВАН МАТЕСКИ ДИА
Д-р ДИМИТАР НАЈДЕНОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА РЕВИДЕНТ 0515
Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над топловод.

При вкрстување, енергетскиот кабел се полага над топловод, а во исклучителни случаеви под топловод.

Помеѓу енергетски кабел и топловод се поставува топлотна изолација од полиуретан, пенлив бетон и т.н. (сл.4).

Хоризонталното растојание помеѓу енергетскиот кабел и надворешната ивица на каналот за топловод треба да изнесува најмалку 0.70 м за кабли 35 kV, односно 0.60 м за останатите кабли.

Доколку неможе да се постигнат претходно дадените најмали растојанија се применуваат дополнителни заштитни мерки со кои се обезбедува да топлотното влијание на топловодот врз кабелот не биде поголемо од 20°C. Заштитни мерки се следните:

- зајакната изолација помеѓу топловодот и енергетскиот кабел
- примена на кабли со изолација од вмрежен полиетилен (XP00; XHE 49-A и сл.)
- примена на метални екрани помеѓу кабелот и топловодот и други.

При вкрстување и паралелно водење на енергетски кабел за јавно осветлување и топловод треба да се оствари растојание од најмалку 0.30 м.

Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над гасовод.

Растојанието помеѓу енергетски кабел и гасовод при вкрстување и паралелно водење треба да биде најмалку:

- 0.80 м во населено место
- 1.20 м вон населено место

Растојанијата можат да се намалат до 0.30 м ако кабелот се положи во заштитна цевка со должина најмалку 2 м од двете страни на вкрстувањето или по целата должина на паралелното водење.

Приближување и вкрстување на енергетски кабли

Меѓусебното растојание на енергетски кабли (повеќежилни кабли или кабелски сноп од три едножилни кабли) во ист ров се одредува врз основа на струјното оптоварување на истите, но не смее да биде помало од 0.07 м при паралелно водење, односно 0.20 м при вкрстување.

За обезбедување на пропишаното растојание при паралелно водење т.е. недопирање на каблите потребно е по целата должина на трасата да се постават бетонски опеки на меѓусебно растојание од 1м.

Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место

Вкрстување на кабелски вод со пат вон населено место се врши така што кабелот се полага во бетонски канал или бетонска или пластична цевка навлечена во

хоризонтално избушен отвор. Со тоа се обезбедува замена на кабелот без раскопување на патот.

Вертикалното растојание помеѓу горната ивица на кабелската канализација и површината на патот треба да изнесува најмалку 0.8 м.

Растојанието помеѓу кабелскиот вод и пат вон населено место при паралелно водење, односно приближување изнесува:

- за автопат и пат од прв ред: најмалку 5 м за паралелно водење и најмалку 3 м за приближување
- за патишта под прв ред: најмалку 3 м за паралелно водење и најмалку 1 м за приближување

Полагање на енергетски кабли преку мостови

За полагање преку мостови се препорачува користење на кабли со полимерна изолација и полимерен плашт (XP00-AS, XHE 49-A и др.).

За полагање преку мост дозволено е користење на хартиени кабли со алуминиумски плашт, тип NPHA 03-A. Не е дозволено полагање на енергетски кабли со оловен плашт.

Се препорачува полагањето на енергетските кабли да биде под пешачката стаза на мостот во канали или цевки. Овие канали (цевки) не смее да се користат за атмосферски води и мора да биде овозможено природно ладење на каблите во цевките. Дозволено е слободно полагање по конструкцијата на мостот ако енергетските кабли се непристапни на нестручни лица и ако се заштитени од директно влијание на сончевите зраци.

Енергетските кабли под мостовите, доколку е можно, треба да се полагаат во еден дел, без употреба на спојници. Во спротивно кабелската спојница треба да е оддалечена најмалку 10 м од краевите на мостот.

Треба да се избегнува полагање на каблите под дрвени мостови. Во спротивно каблите треба да се полагаат во пластични или метални цевки.

На премините на енергетските кабли од челичната конструкција на мостовите на страничните потпирачи, како и на премините на дилатационите делови на мостот, потребно е да се остави соодветна резерва.

Полагање на едножилни енергетски кабли

Се препорачува полагање на едножилни кабли (XHE 49-A и др.) во триаголнест сноп.
На пократки делници дозволено е и полагање во хоризонтална рамнина на меѓусебно растојание од 0.07 м.

Снопот се формира со провлекување на каблите низ соодветна матрица при одмотување од три котури. Формираниот сноп на секој 1м до 2 м. се зацврстува (обмотува) со обујмица или самолеплива трака.



а) во триаголен сноп

б) во хоризонтална рамнина

Дозволено е поединечно провлекување на едножилен кабел низ цевка од неферомагнетен материјал по услов цевката да не е подолга од 20 м.

Дозволено е провлекување на сноп од три едножилни кабли од сите три фази низ челична цевка.

За прицврстување на едножилни кабли можат да се користат само обујмици од неферомагнетен материјал (бакар, алуминиум, пластика и т.н.).

На двата краја на кабелскиот вод потребно е галвански да се поврзат металните плаштови на сите три едножилни кабли и овој спој да се заземји.

08	Кабелски водови
08.01.	Положување на 20KV и 35KV водови
08.01.01	заедно со помошен материјал во ровови
08.01.01.A	
08.01.01B	Заштита на постоечки енергетски кабел
08.01 03 0	Кабелски ознаки
08.01 05 0	





распоред на едножилен кабел



приказ на заштита на кабел при вкрстување



ДООЕЛ МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ БИТОЛА
УПРАВИТЕЛ: М-Р ЈОВАН МАТЕСКИ ДИА

Д-р ДИМИТАР НАЈДЕНОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0515

Д-р НАТАША МОЈСОСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

Истоварање и ракување со кабелски котур

Кабелските котури се истоварааат со соодветни машини и методи. Котурот не смее да се фрла.



Котурот може да се крене со вилушкар или со кран.

Одмотување на кабелот од котур

Кабелот се одмотува од котурот на начин при кој оската на котурот е секогаш во хоризонтална позиција. Кабелот секогаш се влече од горната страна на котурот.

Котурот мора да се врти лесно за да силата со која се влече кабелот е што е можно помала. Вртењето на котурот не смее да се кочи освен во случај кога влечењето на кабелот ќе застане, за да не дојде до олабавување на кабелот.



Правилно одмотување на кабел



Неравилно одмотување на кабел

Ролери

При влечење кабелот не смее да се влече по земја за да не дојде до оштетувања на истиот. За таа цел се користат ролери кои на правец се поставуваат на

2-4m, додека на секое свртување се поставуваат минимум2 за да се запази максималниот радиус на виткање на кабелот.



Ролер за правец

Ролер за свртување

9. КАБЕЛСКИ ПРИБОР

Кабелскиот прибор служи за затварање на краевите на кабелот за да се спречи продирање на влага, што се остварува со помош на кабловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа и кабловски спојници.

За среднонапонските кабли (XHE 49-A, NPO 13-AS итн.) се препорачува да се користат кабловски спојници и завршници од топлособирачки, ладнособирачки или префабрикувани елементи.

Кабловските спојници и завршници траба да ги монтираат стручно обучени работници кои доследно ги применуваат сите упатства и барања на производителите посебно во врска со технолошката чистота, непрекидноста на електричната заштита, слабопроводните слоеви и плаштот на среднонапонските кабли итн.

Кабловската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата, односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трансформаторската станица или столбот.

Кабловската спојница посебно не се заземјува, независно од тоа дали е од изолационен материјал или метална.

Outdoor termination for screened 1-core polymeric insulated cables 10 kV, 15 kV, 20 kV and 35 kV





Design of termination

The design and installation is the same as for indoor terminations. In addition, skirts are installed onto the tubing (see table). Solderless earth connections can be ordered separately. Kits with the modification code -L12 include mechanical lugs with a busbar connection hole for M12 connection bolts, with code L16 for M16 bolts.

Dimensions L, D see table

Nominal voltage Uo/U (kV)	Terminations without lugs Cross section (mm²)	Ordering description	Terminations with mechanical lugs Cross section (mm²)	Ordering description	Dimensions (mm) L		No. of skirts
6/10	25– 95	POLT-12C/1XO	25– 70	POLT-12C/1XO-L12	300	85	3 x 1
	95–240	POLT-12D/1XO	70–150	POLT-12D/1XO-L12A	300	95	3 x 1
			120–240	POLT-12D/1XO-L12B	300	95	3 x 1
	240–500	POLT-12E/1XO	185–300	POLT-12E/1XO-L12	300	115	3 x 1
	500–800	POLT-12F/1XO	400–630	POLT-12F/1XO-L20*	300	135	3 x 1
8,7/15 and 12/20	25– 70	POLT-24C/1XO	25– 70	POLT-24C/1XO-L12	440	85	3 x 3
	70–240	POLT-24D/1XO	50–150	POLT-24D/1XO-L12A	440	95	3 x 3
			120–240	POLT-24D/1XO-L12B	440	95	3 x 3
	185–400	POLT-24E/1XO	185–300	POLT-24E/1XO-L12	440	115	3 x 3
	400–800	POLT-24F/1XO	400–630	POLT-24F/1XO-L20*	440	135	3 x 3
20/35	50–120	POLT-42D/1XO	50–120	POLT-42D/1XO-L12	560	95	3 x 4
	120–300	POLT-42E/1XO	120–300	POLT-42E/1XO-L12	560	115	3 x 4
			185–300	POLT-42F/1XO-L12	560	135	3 x 4
	300–500	POLT-42F/1XO	400–500	POLT-42F/1XO-L20*	560	135	3 x 4

* terminations with modification code L20 include mechanical lugs with fixing hole for M20 bolts, for copper conductors only up to 500 m²
Note: One termination kit includes material for 3 phases. Longitudinally sealed cable lugs are to be used. For terminations with mechanical lugs for M16 bolts use modification code -L16. Solderless earth connections for cables with tape screen have to be ordered separately.

Solderless earth connection for cables with tape shield

Cross section (mm²) for cables with nominal voltage Uo/U 6/10 kV	8,7/15 kV	12/20 kV	22/35 kV	Ordering description
Cables with bonded aluminium tape shield without armour				
25–120	25–120	25–120		SMOE 62609
95–400	70–300	50–240		SMOE 62589
Cables with copper tape shield without armour				
25– 70				EAKT 1655
35–120	35– 95	25– 70		EAKT 1656
95–240	70–185	50–150	25– 70	EAKT 1657
240–500	185–400	120–400	35–300	EAKT 1658
630–800	500–800	500–800	240–800	EAKT 1659
Cables with copper tape shield and with aluminium wire armour				
70–240	70–185	70–150		SMOE-62822

Технички број: 051-28/2024 Дата: 04/2025



ДООЕЛ МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ БИТОЛА
УПРАВИТЕЛ: М-Р ЈОВАН МАТЕСКИ ДИА

Д-р ДИМИТАР НАЈДЕНОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА РЕВИДЕНТ 0515
Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

Joints and repair joints for screened, 1-core polymeric insulated cables 10 kV, 15 kV, 20 kV and 35 kV

Joints including mechanical connectors

For cables with wire or metal tape screen

Nominal voltage Uo/U (kV)	Cross section (mm²)	Ordering description Cable with wire shield	Cable with tape or wire shield *	Dimensions (mm) L	D
6/10	25– 70	POLJ 12/1x 25- 70	POLJ 12/1x 25- 70-CEE01	450	45
	70–150	POLJ 12/1x 70-150	POLJ 12/1x 70-150-CEE01	450	55
	120–240	POLJ 12/1x120-240	POLJ 12/1x120-240-CEE01	450	65
	300–400	POLJ 12/1x300-400	–	500	75
	500–630	POLJ 12/1x500-630	–	500	85
	800	POLJ 12/1x800-Al-C**	–	550	90
8,7/15 and 12/20	25– 70	POLJ 24/1x 25- 70	POLJ 24/1x 25- 70-CEE01	500	55
	70–150	POLJ 24/1x 70-150	POLJ 24/1x 70-150-CEE01	500	65
	120–240	POLJ 24/1x120-240	POLJ 24/1x120-240-CEE01	500	70
	300–400	POLJ 24/1x300-400	–	550	80
	500–630	POLJ 24/1x500-630	–	550	90
20/35	35– 70	POLJ 42/1x 35- 70	POLJ 42/1x 35- 70-CEE01	800	65
	70–120	POLJ 42/1x 70-120	POLJ 42/1x 70-120-CEE01	850	70
	120–240	POLJ 42/1x120-240	POLJ 42/1x120-240-CEE01	850	75
	300–400	POLJ 42/1x300-400	–	900	85

* The joints are designed for cables with copper tape shield or with aluminium laminate (e.g. type AHXAMK-W) and can also be used for cables with wire shields. For transitions of cables with wire shield to cables with al-laminate use joints for cables with wire shield.
** Includes DIN-compression connector for Aluminium conductors to be crimped with hydraulic tool and with die code 58

For cables with aluminium wire armour and wire or tape screen

Nominal voltage Uo/U (kV)	Cross section (mm²)	Ordering description Cable with with tape or wire shield	Dimensions (mm) L	D
6/10	25– 70	POLJ 12/1x 25- 70-AW	850	50
	70–150	POLJ 12/1x 70-150-AW	850	60
	120–240	POLJ 12/1x120-240-AW	850	70
8,7/15 and 12/20	25– 70	POLJ 24/1x 25- 70-AW	900	60
	70–150	POLJ 24/1x 70-150-AW	900	70
	120–240	POLJ 24/1x120-240-AW	900	75
20/35	70–120	POLJ 42/1x 70-120-AW	1250	75
	120–240	POLJ 42/1x120-240-AW	1250	80

Repair Joint for cables with wire ot tape screen

Nominal voltage Uo/U (kV)	Cross section (mm²)	Ordering description	Repair length mm (max.)	Dimensions (mm) L	D
6/10, 8,7/15 and 12/20	25– 70	REPJ-24/1x 25- 70	520	1200	50
	70–150*	REPJ-24/1x 70-150	520	1200	55
	120–240	REPJ-24/1x120-240	520	1200	70
20/35	70–120	REPJ-42/1x 70-150	420	1200	55
	120–240	REPJ-42/1x120-240	420	1200	70

* for 10 kV cables application range 95–150 mm²

Joints without connectors

Joints for cables with wire or tape screen

Nominal voltage Uo/U (kV)	Cross section (mm²)	(mm²)	Ordering description for cables with wire shield	metal tape shield *	Dimensions (mm) L	D
	6/10 kV	8,7/15 kV				
6/10 and 8,7/15	50– 70	35– 50	SXSU 4111	SXSU 4111-CEE01	550	45
	95–150	70–120	SXSU 4121	SXSU 4121-CEE01	600	55
	185–300	150–240	SXSU 4131	SXSU 4131-CEE01	650	65
	400–630	300–500	SXSU 4141	SXSU 4141-CEE01	750	75
	800	630–800	SXSU 5151		750	85
12/20	35– 95		SXSU 5121	SXSU 5121-CEE01	600	60
	120–240		SXSU 5131	SXSU 5131-CEE01	650	70
	300–500		SXSU 5141		750	80
	630–800		SXSU 5151		750	85
20/35	50– 70		SXSU 6121		850	65
	95–150		SXSU 6131		850	70
	185–400		SXSU 6141		850	80

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. Градежни работи (ископи)

Пред изведување на ископ за кабловски ров, најнапред се врши обележување на трасата и означување на пресекувањата со другите подземни инсталации за да не дојде до нивно оштетување при изведувањето на ископот. Ровот се копа како отворен во тесен ископ со длабина од 1м. Посебни мерки за заштита на работниците при ископ на ров не се потребни. Работниците кои го вршат ископот се опремени со рботничка облека која во зависност од годишното време е различна дебелина. Исто така се опремени со заштитни чевли со гумен ѓон или чизми, а зштитни ракавици, заштитен шлем и по потреба кабаница.

При ископот посебно внимание се обрнува на делот каде се врши ископ на трасата кога се вкрстува со други инсталации, а посебно со енергетски кабли од низок и висок напон кои се во работна состојба (под напон). Доколку постои можност истите треба да бидат исклучени од напојување. Ако таа можност ја нема тогаш ископот се врши во присуство на стручно лице кое е детално запознато со ситуацијата.

2. Полагање на кабелот во ровот (развлекување)

Оваа работна операција ја изведува екипа (работна група) за полагање и одржување на кабловските траси со помош на НКВ работници. Полагањето на кабелот се врши со одмотување од макарата на која е кабелот. Макарата е поставена на посебни држачи или приколка за специјална намена за одмотување на кабелот.

При одмотувањето на кабелот до макарата управува работник кој по потреба врши кочење со помош на дрвена летва. Макарата на направата се поствува со подигање со дигалка со сајли кои се димензионирани да ја издржат тежината на макарата. При подигањето забрането е присуство на работник под макарата. Товарот не смее да се остави да виси, а доколку истиот мора да биде во таа положба тогаш се поставува подвижна ограда со натпис ЗАБРАНЕТ ПРЕМИН.
За оптоварувањето на дигалката со товарот одговорно е лицето кое ракува со дигалката.

3. Електромонтажни работи на кабловски водови

Кабловскиот вод за напон над 1kV на кој се работи треба да биде заземјен и кратко споен на сите места каде доаѓа до одвојување на напонот. До колку се работи на каблови со заземјен метален плашт во подрачје каде има влијание од истосмерна или наизменична струја или е под влијание од напонската инка од работното заземјување на неутралната точка, тогаш металниот плашт на местото каде се работи се премостува со бакарни проводници
со пресек најмалку од 16мм^2.

При работа на кабловски водови преку кои може да се пренесе потенцијал од постројката од која се врши напојувањето, на местото на работа по пат на пресметка и анализа треба да се одреди местото и начинот на заземјување, односно кратко спојување. Истата постапка се спроведува и кога постои опасност
од појава на залутани струи (ел. влеча).

4. Останати мерки на осигурување на местото на работа

Овие мерки зависат од видот на работата и од условите под кои истата се изведува, а можат да бидат следните:

- детално запознавање со ситуационите планови на кабловскиот вод
- точно утврдување на трасата на енергетските и ТТ кабловите со кои се вкрстува новиот кабел. Трасата се утврдува на лице место со мерење со инструменти или од графичкиот приказ на истата
- примена на сообраќајни прописи на јавните површини
- проветрување на кабловските тунели и шахти врз база на потребите што произлегуваат од испитувањето на воздухот и содржината на отровните гасови во шахтата
- поставување на шатор при појава на временски непогоди и присуство на вентилација
- при провлкување на кабловите низ заштитни цевки и кабловици, металните делови со кои се влечи кабелот се придржуваат со заштитни ракавици
- доколку полагањето на каблеот се изведува на мост без заштитна ограда или надвор од оградата, работникот треба да се осигура со заштитен појас кој е врзан за мостот или друг фиксен дел.

- при изработката на спојниците и кабловдките завршници посебно внимание треба да се обрне на бојата на жилите како и нивно ускладување доколку има ознаки по старите прописи.

5. Примена на ХТЗ заштитни средства

При работење на кабловски водови се применуваат лични и групни заштитни средства.

Од лични заштитни средства се употребуваат: заштитни чевли со гумени ѓонови, кожени ракавици, заштитен шлем, работна облека и по потреба кабаница.

Во групните заштитни средства обавезно е присуство на прирачна аптека, прибор за укажување на прва помош. Во случај на потешка повреда веднаш се известува најблиската станица за прва помош и дежурниот лекар.

11. ЗАКОНИ, СТАНДАРДИ И ПРАВИЛНИЦИ

1. Закон за Градење (Сл. Весник на РМ бр. 70/13, 79/13, 137/13,163/13.,27/14,28/14, 42/2014, 115/14, 149/14 и 187/14),
2. Закон за просторно и урбанистичко ланирање (Сл. Весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 ,70/13, 55/13, 163/13 и 199/14),
3. Закон за енеретика (Сл. Весник на РМ, бр. 75/13, 79/13, 164/13, 41/14, 55/14, 92/14 и 151/14),
4. Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 125/14),
5. Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. Весник на РМ бр.60/12 и 29/15),
6. Правилник за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронски записи (Сл.весник на РМ бр. 24/11 и 81/13)
7. Правилник за Македонските стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 23/95)
8. Правилник за техничките нормативи за електрични инсталации за низок напон
9. Правилник за нисконапонски електрични инсталации – Дел1: Основни принципи, оценување на општите карактеристики, дефиниции МКС ХД 60364-1:2000

12. ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ НА КАБЕЛСКИ ВОД

Предметната трафостаницата која треба да се гради за фотонапонската централа има трансформатор со номинална моќност од 1000kVA .

Пресметките на оптоварувањето ќе се вршат за максималната моќност на трафостаницата.

Номиналната (максимална) струја I_n низ кабелот изнесува:

$$I_{\mathrm{n}} = \frac{P_i \cdot 1000}{1,73 \cdot U_l \cdot \cos\phi}(A) = \frac{1000}{1,73 \cdot 10 \cdot 1} = 57.8\ (A)$$

S_n = 1000 kVA – номинална моќност на трафостаницата

U_n = 10 kV – номинален напон

Согласно пресметаната номинална струја, унификацијата и анализите на ЕВН Македонија за 10(20)kV кабелски вод би се избрал едножилен кабел тип NA2XS(F)2Y 1 x 240/25 RM 12/20 kV кој положен во триаголен сноп може трајно да се оптовари со струја од 417 А.

I_n = 57.8 A < 417 A

U_l	-	napon 10(kV)
P_i	-	инсталирана моќност(1000kW)
cosφ	-	фактор на моќност *cosφ*=1

ПРОВЕРКА НА ПАД НА НАПОН

$$\Delta U_{0}/_{0} = \frac{P_i \times L \times 1000}{U_l^2 \times K \times S}(^{0}/_{0}) = \frac{1000000 \times 580 \times 1000}{10000^2 \times 34 \times 240} = 0.71\%$$

U_l	-	напон 10000(V)
P_i	-	инсталирана моќност (1000kW)
L	-	должина на кабелот (m)
K	-	специфична водливост на кабелот (56 [Sm/mm^2] за бакар, **34** [Sm/mm^2] за алуминиум)
S	-	пресек на кабелот 240мм

Пресметал:

Д-р Наташа Мојсоска, д.е.и.

Д-р НАТАША МОЈСОСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360
А.4.

Технички број: 051-28/2024 Дата: 04/2025

ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА : ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНСТАЛАЦИЈА

	Позиција	един. мера	количина	един. цена	Вкупно
I	**ЕЛЕКТРОМОНТАЖНИ РАБОТИ**				
1	Набавка, транспорт и положување на кабел тип NA2XS(F)2Y 1x240 mm2 12/20kV 3x 650м.	м1	1,950	900	1,755,000.00
2	Набавка, транспорт, положување и спојување над кабел лента FeZn 40x4. комплет со споен материјал(вкрстени стегалки)	м1	600	280	168,000.00
3	Набавка, транспорт и полагање на ГАЛ пластични штитници од вештачки материјал со црвена боја со должина од 1000 мм, широчина до150 mm и дебелина од најмалку1,5 mm	м1	600	160	96,000.00
4	Набавка, транспорт и полагање на пластична опоменска трака со црвена боја, со широчина до200 mm и дебелина од најмалку0,25 mm со натпис „Внимание: Енергетски кабел	м1	600	50	30,000.00
5	Набавка, транспорт и монтажа на гарнитура од 3 катодни одводници на пренапон Tyco Bowthorpe, 10 kA, 24 kV, комплет со метална конзола	ком	1	22,000	22,000.00
6	Набавка, транспорт и монтажа на кабелска завршница 20 kV за надворешна монтажа, за едножилен кабел со пресек 240 mm2, топлособирачка, Raychem POLT-24E/1XO	пар.	3	21,000	63,000.00
7	Набавка, транспорт и монтажа на 20 kV раставувач за вертикална изведба	пар.	1	20,000	20,000.00
8	Набавка, транспорт и монтажа на метални држачи со шелни за СН кабел на бетонски столб	пар.	4	6,000	24,000.00
9	Набавка, транспорт и поставување на спојници на соодветниот тип на кабел, тип Raychem или слични	ком	1	22,000	22,000.00
10	Изработка на врска по фаза од кабелските завршници, односно одводниците на пренапон, со јажето од надземниот вод	пар.	3	14,000	42,000.00
11	Прицврстување на едножилен енергетски кабел на бетонски столб	пар.	3	4,000	12,000.00
12	Набавка, транспорт и монтажа на лимено корито – штитник, комплет со елементи за прицврстување	пар.	3	620	1,860.00
13	Набавка, транспорт и монтажа на поцинкувана жица FeZn Ø 10 mm вдолж столбот	м1	10	120	1,200.00
14	Набавка и монтажа на бетонски коцки со ознака ЕК 10kV	пар.	25	600	15,000.00
15	Набавка и монтажа на бетонски коцки со ознака за свртување на кабел 10kV	пар.	4	1,500	6,000.00
		Вкупно:			2,278,060.00

II	**ЗЕМЈЕНИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТИ**				
1	Ископ на земја III кат. без затрупување за формирање на ров со димензии 0.4x0.8 во кој ќе се полага кабелот и лентата со должина 590м	м3	189	520	98,280.00
2	Затрупување на кабелски ров (со набивање на слоеви со најмалку 30см) должина 590м	м3	141	280	39,480.00
3	Отстранување на преостанатата земја (утовар, одвоз и растоварање на претходно одредено место) и на други градежни отпадоци до депонија, вклучувајќи плаќање на сите такси, кои се определени од општината или стопанисувачот со депонијата.	м3	48	800	38,400.00
4	Набавка, транспорт и поставување на ситен песок по целата должина на кабелската траса (10cm+10cm=20cm)	м3	48	2,000	96,000.00
		Вкупно:			272,160.00

РЕКАПИТУЛАЦИЈА				
I	**ЕЛЕКТРОМОНТАЖНИ РАБОТИ**	2,278,060.00		
II	**ЗЕМЈЕНИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТИ**	272,160.00		
		Вкупно:		**2,550,220.00**
			ДДВ 18%	**459039.6**
		ВКУПНО со ДДВ		**3,009,259.60**

Изработил:

Д-р Наташа Мојсоска, д.е.и.

12. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ



Вкрстување на цевовод со ен. кабел
1. цевовод, 2. ен. кабел, 3. бетонска цевка, 4,опоменска лента



Вкрстување на цевовод
со енергетски кабел



Паралелно водење на цевовод
(топловод) со енергетски кабел



сл.1 Полагање на кабел во ров
1. опоменска лента, 2. песок, 3. кабел



b>30cm. за U<1kV
b>50cm. за U<10kV
b>100cm. за U<35kV

сл.2 Паралелно полагање на
ТК кабел со енергетски кабел



сл.3 Паралелно полагање на ТК кабел со енергетски кабел кога не се задоволени минималните растојанија



сл.4 Вкрстување на ТК кабел со енергетски кабел кога не се задоволени минималните растојанија

1.1. Разделувач 20 kV за вертикална монтажа на отворено - РВМО

1.1.1. Димензии и конструкција

Разделувачите за вертикална монтажа на отворено, тип РВМО, се поставени на челична носечка конструкција и се опремени со: потпорни изолатори 20 kV со контактен систем, како и со подвижни потпорни изолатори и расклопниот механизам од цевки и рачниот погон со лост, со кој се активира (дејството на) разделувачот.

Разделувачите тип **РВМО** мораат да одговараат на следниов опис:

Прицврстувањето на челичната носечка конструкција врз монтажната рамка се врши со поврзувањ со завртки.
На челичната носечка конструкција мора да се предвидат отвори за приклучоци за заземјување М

Шематски приказ кон 1.1



1.1.2. Опрема

Челична носечка конструкција од топло валан профил или од механички еквивалентни челични профили со заштита од корозија – топло поцинкување.

Потпорни изолатори:
- од порцелан
- алтернативно од циклоалифатична лиена смола, кефеава боја RAL 8017, (двокомпонентна епоксидна смола) со следниве минимални барања:
- максимално работно оптоварување на свивање: 5 kN
- мерење на парцијалното празнење: без парцијално празнење

Контактен систем: тврд електролитен бакар, посребрен

Приклучни завртки: М12 / 50, подлошки и навртки М12 од не'рѓосувачки челик

Подвижни порпорни изолатори: порцелан или циклоалифатична лиена смола види потпорни изолатори, но
- максимално работно оптоварување на свивање: 3,5 kN

Рачен погон со лост: (комплет со лост, механизам со цевки (кај дрвени столбови со меѓуизолатор) и елементи за прицврстување), сите челични делови се топло поцинкувани. Мор да постои можност за заклучување на лостот со катанец во позицијата ВЛУЧ, одн. ИСКЛУЧ.


Страничен изглед
Преден изглед

- Метална конзола за поставување на СН одводници на пренапон



Одводници на пренапон

Технички број: 051-28/2024 Дата: 04/2025

Д-р ДИМИТАР НАЈДЕНОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА РЕВИДЕНТ 0515

Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

Discharge Class 1 Surge Arrester – HDA-MA

Generic technical data:

HDA-xxMA series		3-24 kV Uc
Rated discharge current (8/20µs):		10 kA
Line discharge class according to IEC 60099-4		Class 1
Operating duty impulse withstand current (4/10µs):		100 kA
Long duration current impulse (2000µs):		400 A
10 second temporary overvoltage, (U_{TOV}/U_C):		1,42
High current short circuit: (pre-failing method) (Safe non-shattering failure mode)		40 kA
Energy	2 long duration impulses 2 high current impulses	4,2 kJ/kV Uc 6,8 kJ/kV Uc
Service conditions	Ambient temperature:	- 60°C to + 60°C

Mechanical strength data

Cantilever	350 Nm
Tensile	2000 N
Torque	50 Nm





Temporary Overvoltage (TOV) of HDA-xxMA with prior energy



Samples are pre-heated to a temperature of 60° C according to IEC 60099-4, Ed 2,0 2004. Samples were subjected to a pre-stress equivalent to one high current impulse of 100kA, 4/10 µs as per switching surge operating duty test.

U_{TOV} = TOV withstand voltage;
U_C = continuous operating voltage

Discharge Class 1 Surge Arrester – HDA-MA

Protective Characteristics

HDA-MA	Uc kV	Ur kV	Ures in kV when tested to impulse waveforms Lightning (8/20µs) 5kA	10kA	20kA	Steep lightning (1/20µs) 10kA	Switching (30/60µs) 125A	500A
HDA-03MA-xxx	3	3,7	9,3	9,9	10,9	10,2	7,4	7,9
HDA-04MA-xxx	4	5,0	12,4	13,2	14,6	13,6	9,8	10,5
HDA-06MA-xxx	6	7,5	18,6	19,8	21,8	20,4	14,8	15,7
HDA-08MA-xxx	8	10,0	24,8	26,4	29,1	27,2	19,7	21,0
HDA-09MA-xxx	9	11,2	27,9	29,7	32,8	30,6	22,1	23,6
HDA-10MA-xxx	10	12,5	31,0	33,0	36,4	34,0	24,6	26,2
HDA-12MA-xxx	12	15,0	37,2	39,6	43,7	40,8	29,5	31,4
HDA-18MA-xxx	18	22,5	55,8	59,4	65,5	61,2	44,3	47,2
HDA-20MA-xxx	20	25,0	62,0	66,0	72,8	68,0	49,2	52,4
HDA-21MA-xxx	21	26,2	65,1	69,3	76,4	71,4	51,7	55,0
HDA-24MA-xxx	24	30,0	74,4	79,2	87,4	81,6	59,0	62,9

Uc: Continous Voltage; Ur: Rated Voltage; Ures: Residual Voltage

Standard Housing Parameter

HDA-MA	Impulse voltage 1.2/50µs (kV)	Power frequency voltage withstand, wet (kV)	Flash over distance (mm)	Creepage length (mm)	Height L (mm)	Weight (kg)
HDA-03MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-04MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-06MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-08MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-09MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-10MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-12MA-xxx	106	47	176	380	183	1,80
HDA-18MA-xxx	190	93	310	830	316	3,25
HDA-20MA-xxx	190	93	310	830	316	3,25
HDA-21MA-xxx	190	93	310	830	316	3,25
HDA-24MA-xxx	190	93	310	830	316	3,25



Технички број: 051-28/2024 Дата: 04/2025

ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМЕН ВОД СО НАМЕНА Е1.8 - НОВОПЛАНИРАН СН 20/35Kv ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД ВО ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ КП 488, КП 506, КП 507, КП 526 и КП 1999/3, КО НОВАЦИ ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН, мв.Слатина, ОПШТИНА НОВАЦИ

Опфатот на предложениот Урбанистички проект има површина од 573.36m2 или 0.0573ха.

Граница на проектен опфат (0.0573ха)

Крајна точка на подземен вод
NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2 СН
КП 488 КО Новаци Вон градежен реон

ОДОБРЕН УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на К.П.бр.468, К.П.бр.469 и дел од К.П.бр.488 К.О.Новаци-вонград, м.в.„Слатина“ - Општина Новаци

NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2

NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2

NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2

NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2

Почетна точка на подземен вод
NA2XS(F)2Y 3x1x240mm2 СН
од кабелска спојница на постоечки бетонски столб на КП 1999/3 КО Новаци Вон градежен реон

постоечки бетонски столб

S L A T I N A



ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ПРОЕКТ

НАРАЧАТЕЛ:	ДУТП СОЛАР ЕНЕРЏИ ТИМ увоз-извоз ДОО Битола				
ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ПРОЕКТ:	**ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМЕН ВОД СО НАМЕНА Е1.8 - НОВОПЛАНИРАН СН 20/35Kv ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД ВО ДЕЛ ОД КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ КП 488, КП 506, КП 507, КП526 и КП 1999/3, КО НОВАЦИ ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН, мв.Слатина, ОПШТИНА НОВАЦИ**			Технички број: 051-28/2024	
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ:	СУТУАЦИЈА НА КАБЕЛСКА ТРАСА	Размер: М=1:1000	Дата: 04/2025 год.	Лист бр. 1	
ИЗРАБОТУВАЧ:	Друштво за услуги, градежништво и трговија увоз - извоз "**МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ**" ДООЕЛ Битола email: mateski.architects@gmail.com mob: +38970850389				
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ	Д-р Наташа Мојсоска дипл.ел.инж. Овластување А 4.03360				

Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360 A.4.

MATESKI ARCHITECTS